Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-899/ 11 од 01.03.2021 год.**
**( врска бр. 13-2300 од 2020 год.)**

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18 и 168/2018), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 09-10814/4 од 25.12.2018 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10101/12 од 25.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година за изработка на изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт Ј13-блок 13.1 и блок 13.2, Градоначалникот на Општина Кисела Вода го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање на јавна презентација и јавна анкета**
**за Предлог план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт Ј13, блок 13.1 и блок 13.2 , Општина Кисела Вода, Плански период 2019-2024**

## Време и место на одржување на јавна анкета

Јавната анкета по Предлог план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска четврт Ј13, блок 13.1 и блок 13.2 , Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со излагање на предлог - Планот во просториите на Општина Кисела Вода (барака 7) –Голема сала, како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

## ЈАВНАТА АНКЕТА ЌЕ ТРАЕ ПОЧНУВАЈКИ ОД 09.03.2021 ДО 24.03.2021 ГОДИНА

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставaт забелешки,

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода (барака 6),секој работен ден од 08:30-16:00 часот, како и преку информацискиот систем e-urbanizam.

**Време и место на одржување на јавна презентација**

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **11.03.2021 (четврток)**, во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, со почеток во **10:00** часот.

**Местоположба и површина на опфатот на планот**

Опфатот е со површина од 8,88 ха.

Планскиот опфат по осовини на сообраќајници е:

-На **исток**, границата започнува така што ја сече КП3237/4, па продолжува да се движи по осовината на постојната улица „Лазар Димитров“ до крстосница со Булевар „Борис Трајковски“.

-На **југ** границата на планскиот опфат се движи во северозападен правец долж постојниотБулевар „Борис Трајковски“, кој што е планиран како собирна улица со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012 – 2022.

-На **запад** границата започнува од крстосницата помеѓу Булеварот „Борис Трајковски“ и улицата „Народни Херои“, па продолжува да се движи по осовината на постојната улица „Народни Херои“,сè до КП911.

-На **север** границата движејќи се во североисточен правец ги сече КП911, КП916/1, КП916/2, КП916/3, КП882, КП890/2, КП887, КП 888, КП 889/1, КП889/2, КП889/3, КП2955/5, КП2957/1, КО Кисела Вода 1, т.е оди по осовината на планираната транзитна магистрала Булевар Македонија Ж. Верн“

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

На Општина Кисела Вода

Филип Темелковски